## РЕЦЕНЗИЈА ЗА ДРАГАН ДАУТОВСКИ,

кандидат за дописен член на МАНУ

Драган Даутовски во својата дејност обединува неколку области кои се комплементарни и создаваат богат мозаик на активности. Тој е уметник, истражувач, научник и едукатор. Спаѓа во редот на ретките автори кои студиозно ја развиваат областа на етноорганологијата и особено музичката археологија, која е релативно млада и недоволно истражена дисциплина. Автор е на книги кои се посветени на народните инструменти. Во нив ја анализира нивната градбена и звучна структура, како и спецификите кои се автохтони за територијата на Македонија. Неговата студија за неолитската топчеста флејта претставува раритетно издание и уникатен труд. Во неа Даутовски изнесува релевантни факти кои се однесуваат на дефинирање на самиот инструмент, неговата „морфологија“, ергологија и функција. Овој труд претставува темелник на оваа научна област на Балканот и пошироко. Посебно треба да се потенцираат неговите согледувања на инструментите кои се дел од живата македонската култура, кавалот и тамбурата кои се детално проучени во сите сегменти. Богатата и разнородна македонска музичка ризница ја верифицира научно со што таа станува видлива, препознаена во контекст на балканската, европската и светската научна мисла.

Една од последните активности на Драган Даутовски, која има национално значење, е учеството како експерт во стручниот тим кој ја подготвуваше апликацијата за впишување на гајдата на Репрезентативната листа на нематеријално културно наследство на УНЕСКО. Овој процес заврши успешно и народниот инструмент гајда е впишана во листата во 2024 година со што стана официјално признаено културно добро од страна на УНЕСКО.

Драган Даутовски е уникатен уметник, светски признат и селектиран како репрезент на нашата земја од УНЕСКО, културните програми на ООН и други светски организации. Неговата работа врши симбиоза на две области – уметност и наука, што дополнително го издвојува и верифицира како зна ајна личност и пример за сестраност.

Академик Божин Павловски

**РЕЦЕНЗИЈА ЗА ДРАГАН ДАУТОВСКИ,**

**кандидат за дописен член на МАНУ**

Драган Даутовски во изминатите четири децении активна творечка дејност внесе нов дух во осовременувањето на македонскиот фолклор и создаде дела со антологиска вредност. Неговата дејност обединува повеќе области кои се комплементарни и создаваат богат и препознатлив мозаик. Даутовски спаѓа во редот на авторите кои студиозно ја развиваат областа на етноорганологијата и особено музичката археологија, која е релативно млада и недоволно истражена дисциплина. Во книгите посветени на народните инструменти, тој ја анализира нивната градбена и звучна структура, како и спецификите кои се автохтони за македонскиот фолклор. Неговото научно дело за неолитската топчеста флејта претставува раритетно издание и уникатен труд. Всушност, оваа книга е темелник на оваа научна област на Балканот и пошироко. Во оваа пригода, треба да се потенцираат неговите согледбите на инструментите кои се дел од живата македонската култура, кавалот и тамбурата, кои се студиозно проучени во сите сегменти. Исто така, посебно треба да се потенцира неговото учеството како експерт во стручниот тим кој ја подготвуваше апликацијата за впишување на гајдата на Репрезентативната листа на нематеријално културно наследство на УНЕСКО.

Драган Даутовски е уникатен уметник, светски признат и селектиран како репрезент на нашата земја од УНЕСКО, на културните програми на ООН и други светски организации. Неговата творечка дејност е симбиоза на две области – уметност и наука, што дополнително го издвојува и верифицира како значајна личност и пример за сестраност.

Академик Васко Ташковски

В. Ташковски